МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11-4516/2
Датум: 07.06.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 06.06.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Бриселска" бр.325 по барање на Инвеститорот "ЕВН – Македонија" , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x240мм2, заради реализација на нов нисконапонски приклучок за објект на барател Ѓорѓи Христов.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x240мм2. Трасата за новата електричната инсталација започнува од постоечки разводен ормар КРО кој што ќе биде заменет со нов, продолжува по тротоар од бекатонска подлога од каде што ја поминува ул.„Бриселска" со попречен прекоп на асфалтна подлога и продолжува исто по тротоар од бекатонска подлога се до нов разводен ормар КРО-Ф5 лоциран пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 153 метри од кои 140метри по подлога од павер елементи, 13метри попречен прекоп на асфалтна подлога, а кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 19.824,00 денари со вклучено ДДВ , за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 46.020,00 денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 65.844,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од бекатонска подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот. Ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се асфалтира со АБ11.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски